**20111042483**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

Врз основа на член 151 - а, а во врска со член 149 од Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10 и 51/11), министерот за култура , донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОНЕСУВАЊЕ РЕШЕНИЕ ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА КОЛЕКТИВНО УПРАВУВАЊЕ НА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за донесување решение за давање дозвола за колективно управување на авторското право и сродните права, во случај на недонесување решение за давање дозвола за колективно управување, во рокот утврден во членот 149 став 1 од Законот за авторското право и сродните права.

Член 2

(1) Барањето од член 1 од овој правилник, се поднесува на Образец: „Барање за донесување решение за давање дозвола за колективно управување на авторското право и сродните права “, во А4 формат, на бела хартија, даден во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи:

- приматeл на барањето – писарница на министерот за култура;
- наслов: „Барање за донесување решение за давање дозвола за колективно управување на авторското право и сродните права “;
- податоци за подносителот на барањето;
- целосен назив на подносителот на барањето;
- податоци за овластеното лице (име и презиме, функција/звање);
- адреса;
- податоци за контакт,
- краток опис на барањето;
- потпис на подносителот на барањето и
- датум и место.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 54-9025/1
8 јули 2011 година
Скопје

Министер,
м-р **Елизабета Канческа - Милевска,** с.р.

Прилог

До: писарница на министерот за култура

| |
|---|
| |

# Б А Р А Њ Е

**за донесување решение за давање дозвола за колективно управување на авторското право и сродните права**

| **Податоци за подносителот на барањето** |
|---|
| - Целосен назив на подносителот на барателот:<br><br>- Податоци за овластено лице: (име и презиме, функција/звање)<br><br>-Адреса: |
| - Податоци за контакт: |

Со оглед дека во рокот утврден во член 149 став 1 од Законот за авторското право и сродните права не е донесено решение за давање дозвола за колективно управување на авторското право и сродните права, односно решение за одбивање на барањето, поднесувам барање до министерот за култура да донесе решение за давање дозвола за колективно управување на авторското право и сродните права, односно решение за одбивање на барањето.

Кон ова барање доставувам копија од поднесеното барање за давање дозвола за колективно управување на авторското право и сродните права.

Подносител на барањето

______________________________

Датум: ______________

Место: ______________